

БОГЕ ДИМОВСКИ
ИЗЛОЖБА НА ЦРТЕЖИ И ГРАФИКИ
ГАЛЕРИЈА НА СОВРЕМЕНА ЈУГОСЛОВЕНСКА
ГРАФИКА
„МОША ПИЈАДЕ“ — БИТОЛА

1979



## *ЦРТЕЖИ И ГРАФИКИ НА ДИМОВСКИ*

*Светот, кој живее во цртежите и графиките на академскиот сликар Боге Димовски, е на прв впечаток едноставен и некомпликуван. Едноставен во своето лирично поистоветување, со некакви расположени поедноставени ликови кои разбудуваат во нас претстава на органско прототипски репертоар. Меѓу нив сликарот ги раздвижува сликарските површини со структурално ракописни растери, што зборува дека посегнува во мисловен состав. Потенцирана композициска градба, расчленување на сликите на големи тонски рамнини. Во моменти геометриско апстрактните полиња ја назначуваа тврдата подлога и во исто време ја смируваа позадината со целокупната ликовна динамичност.*

*Кај Димовски, значи, се сретнуваме од една страна со лирична апстракција, во моменти скоро информелско неважни и безначајни ликови од друга, внесува во сликите реални предмети, на пример: парче ткаенина, разгранети дрвја и др. Тогаш оди до симбиоза во разнородни елементи, како катализатор прима целосен сензибилен тонски склад. Рамномерните тонски градации, тонската складност, ја поврзува со некои делови од композицијата во складна хармонија на мисловен запис.*

*Тоа што посебно на гледачот во почетокот му паѓа в очи е чувствителната, точната изведба на цртежите, посебно тие во туш. Најдобра можност на тонско изразување нѝ понудува Димовски во техниката на јаглен. Во тие цртежи сензибилно достигнал до сликарско чувство и кое кај гледачот предизвикува илузија на боја. Во мек јаглен успеал да постави хиерархиски ред во своите позадини, во кои потоа ги оживува композициите во контрастни пајажинести линии и органски прототипски елементи.*

*Цртежите се одликуваат уште со избраздена композиција, која никаде не се повторува, значи се јавува само како елемент на распознавање на сликите.*

*На моменти сликарот станува „внатрешен цртеж" експониран во друга форма, затоа ја ослободува напнатоста со квадратна рамка на сликарската површина и сликата ја дефинира со изразни површини на внатрешните ликови доживувања. На тој начин постигнува тонско степенување со сопствен знак, остро зацртан на белата хартија, изразувајќи го значењето на поставениот предмет. Тој развоен чекор му овозможи на сликарот широки можности за нови ликовни варијации, пред сè го потенцира патот од едноставна лирика со поголема ликовна драматична намера.*

*Искажуваната основа за цртачката композиција кај Димовски доживува во развитокот расчистување на формалните елементи и со тоа младиот сликар најизразито се надградува. Ако во почетокот има, пред сè некакви носталгии спрема предметите или орнаменталното фолклорното минато потоа ги расчистил во автохтоно сликарски јазик.*

*Оркестрално обогатени со некакви минијатурни животни форми, гестикулирано забележани, а потоа со квадратни мрежи, ѝ овозможија на сликата нова просторна димензија, и повеќе пластична особеност. Во овие нови содржини може да насетиме лирично доживување, во тие по дух нежни композиции. Кај Димовски, пред сè, критичен дијалог се јавува меѓу сонот и живата стварност. Дијалог кој во наброени варијанти понудува искрен разговор во сите сликарски исповедувања.*

*МАРИЈАН ТРШАР*

## *БИОГРАФИЈА*

*Боге Димовски е роден 1952 година, во Ропотово, Прилепско. Училиште за применета уметност завршува во Скопје 1973 год. Академија за ликовна уметност завршил во Љубљана 1978 год. Сега ги продолжува студиите на Ш степен на истата академија. Член е на Друштвото на ликовните уметници на Словенија. Самостојни ликовни изложби: Љубљана — 1977 год. Битола — 1977 год., Љубљана — 1978 год., Нова Горица — 1979 год.*

*Групно излагал со битолски ликовни уметници од 1971 до 1979 г. Учествувал на Второто и Третото триенале во Битола и Скопје 1975 и 1978 година.*

*Учествувал на изложбите што ги организирал АЛУ 1976, 1977 и 1978 год.*



*СО ВЕРБА ВО ДЕЛОТО ДОЖИВУВАМ ДРАМА НА СОПСТВЕН И НЕОБИЧЕН МОНОЛОГ*

*ИЗЛОЖБАТА ЈА ПОСВЕТУВАМ НА Љ. ТАЛЕВА*

*Боге Димовски — Август — издавач, Б. Димовски — обликување на каталог, Б. Димовски — фотографии Миро Здовц — предговорот го подготви Маријан Тршар — Тираж 250 примероци — печатен во БГЗ ООЗТ Печатница чКиро Дандаро“ — Битола*